

# Извештај за учество на акционерски собранија одржани во месец октомври 2017

3.11.2017

Сектор за инвестиции

NLB Нов пензиски фонд

Содржина:

1. Македонски Телеком АД Скопје....................................................................................3

Извештајот се составува согласно **Правилникот за начинот на спречување на злоупотреба на информациите добиени како резултат на службената положба и за содржината и начинот на известување за трансакциите со хартиите од вредност.**

Во текот на месец октомври 2017 година се одржа акционерско собрание на **Македонски Телеком АД Скопје**, компанија во која ОЗПФ НЛБ Пензиски фонд и ОДПФ НЛБ Пензија плус поседуваат акции и согласно Правилникот имаат обврска за присуство и известување.

**1. Македонски Телеком АД Скопје**

**Општ дел**

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ НЛБ Пензиски фонд и ОДПФ НЛБ Пензија плус, за кои Друштото има обврска за задолжително присуство.

**I. Македонски Телеком АД Скопје**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Македонски Телеком АД Скопје** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **0,50%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,50%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 13.10.2017 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**:<br>1. Отварање на Собранието;<br>2. Избор на Претседавач;<br>3. Избор на бројачи на гласови;<br>4. Избор на Записничар и<br><br>**Работен дел:**<br>1. Предлог Одлука за отповикување и избор на членови на Одбор на директори на Друштвото<br>2. Предлог Одлука за избор на овластен Ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Друштвото за 2017 година | |
| *Претставници на Собранието* | Александар Миневски | |

**II. Македонски Телеком АД Скопје**

| ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД | НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ |
|---|---|

Акционерското собрание на Македонски Телеком АД Скопје се одржа на 13.10.2017 година со почеток во 10:00 часот во Дирекцијата, Атриум 2, на “Кеј 13-ти Ноември” бр. 6, Скопје.

Претставникот на НЛБ Нов пензиски фонд АД Скопје, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери на Македонски Телеком АД Скопје гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел**

1. Отварање на Собранието;
2. Избор на Претседавач;
3. Избор на бројачи на гласови;
4. Избор на Записничар и
5. Избор на заверувач на Записник.

**Претставникот гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел**

1. Предлог Одлука за отповикување и избор на членови на Одбор на директори на Друштвото

   **Претставникот гласаше ЗА**

2. Предлог Одлука за избор на овластен Ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Друштвото за 2017 година

   **Претставникот гласаше ЗА**

**Кратка содржина на одлуките од собранието на акционери на Македонски Телеком АД Скопје:**

Откако се верифицираа учесниците на Собранието и се утврди дека се исполнети условите за одржување на акционерското собрание на Македонски Телеком АД Скопје, се пристапи кон избор на Работни тела. На собранието беа присутни акционери со право на глас од 95,91% од вкупниот број на акции со право на глас.

По гласањето за Процедуралниот дел, се пристапи кон утврдување и гласање по точките од Работниот дел.

Претставникот на НЛБ Нов пензиски фонд гласајќи "ЗА", го поддржа донесувањето на одлуките од работниот дел на Дневниот ред.

На акционерското собрание акционерите ги отповикаа досегашните членови на Одборот на директори:
- Панче Кралев, од позицијата Неизвршен член,
- Жарко Луковски, од позицијата Неизвршен член,
- Небојша Стајковиќ, од позицијата Неизвршен член,
- Александар Стојков, од позицијата Независен член, и
- Владимир Здравев, од позицијата Независен член.

Од страна на присутните акционери беше констатирана и оставката на Сузане Крогман, државјанин на Република Германија, од позицијата Независен член на Одборот на директори на Друштвото, и Михаел Франк, државјанин на Република Германија, од позицијата Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото. Оставките се со важност од 13.10.2017 година.

По точката еден од работниот дел од Дневниот ред се гласаше и за избор на нови членови на Одборот на директори, при што присутните акционери ги избраа:

- Горан Трајановски за Неизвршен член на Одборот на директори, со мандат почнувајќи од 13.10.2017 година,
- Сашо Велески за Неизвршен член на Одборот на директори, со мандат почнувајќи од 13.10.2017 година,
- Анета Симеска Димоска, за Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат почнувајќи од 13.10.2017 година,
- Замир Мемети, за Независен Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат почнувајќи од 13.10.2017 година,
- Дивна Јовковска - Ефтимоска, за Независен Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат почнувајќи од 13.10.2017 година,
- Клаус М. Штајнмаурер, државјанин на Австрија, за Независен Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат почнувајќи од 13.10.2017 година, и
- Иштван Ѓерѓ Девењи, државјанин на Република Унгарија, за Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат почнувајќи од 13.10.2017 година.

Собранието на акционери на Друштвото го ре-избира:
- Г-дин Назим Буши, за Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат почнувајќи од 13.10.2017 година.

За ревизија на Финансиските извештаи на Друштвото за 2017 година, од страна на присутните акционери се избра ревизорската куќа ПрајсвотерхаусКуперс РЕВИЗИЈА ДОО – Скопје.

Со исцрпување на работниот дел, Претседателот на Собранието го прогласи годишното акционерско собрание на Македонски Телеком АД Скопје за затворено.